**Фондација за пружање долгорочна помош и поддршка**
**ЗАЕДНО ЗА ЕДНО – Скопје**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА ПЕРИОД ОД 01.04.2025 ГОДИНА ДО 31.12.2025 ГОДИНА

Содржина


1. Вовед ........................................................................................................................ 1
2. Реализирани активности согласно Програмата ........................................................ 2
3. Финансиски извештај за период од 01.04.2025 до 31.12.2025 година .................................. 3
4. Заклучок ..................................................................................................................... 4


## 1. Вовед

Фондација за пружање долгорочна помош и поддршка ЗАЕДНО ЗА ЕДНО – Скопје (во понатамошниот текст: “Фондација”) е основана во согласност со Законот за здруженија и фондации (Службен весник на Република Македонија број 52/2010, 135/2011 и 55/2016 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 239/22) со цел пружање долгорочна помош и поддршка на настраданите лица погодени од трагичниот пожар што се случи во Кочани, Република Северна Македонија на ден 16 март 2025 година, нивните семејства и блиски лица.

Целта за основање на Фондацијата е транспарентно фокусирање на хуманитарни активности преку собирање средства и нивно насочување кон пружање долгорочна помош и поддршка за настраданите лица погодени од трагичниот пожар што се случи во Кочани на ден 16 март 2025 година, нивните семејства и блиски лица.

Во Извештајот се презентирани активностите кои што се реализирани согласно Програмата за дејствување на Фондацијата за 2025 година.

Фондацијата работи врз принципите на законитост, транспарентност, отчетност, непрофитност и заштита на личните податоци.

Овој извештај е подготвен за јавно објавување и не содржи лични податоци на физички лица – корисници на поддршка, ниту чувствителни здравствени податоци во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

## 2. Реализирани активности согласно Програмата

***Долгорочна финансиска и материјална поддршка***

- Еднократна финансиска помош за седумнаесет (17) деца кои го загубиле својот родител во трагичниот пожар
- Донирана финансиска помош на лице повредено во трагичниот пожар која спаѓа во четврта група на инвалидитет
- Одобрена финансиска поддршка на две лица со тешки последици (исплата врз основа на доставени фактури и/или соодветна документација за извршените медицински интервенции)

***Помош во процесот на рехабилитација и реконструктивни медицински третмани***

- Набавка на 6 апарати за компресивна крио терапија, односно компресивни навлаки за лимфна дренажа на горни екстремитети, донирани во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Кочани
- Набавка на 130 пакувања на IMPROSKAR SPF 50 SILIKON STIK 5G, донирани во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Кочани
- Набавка на 70 пакувања на IMPROSKAR SPF 50 SILIKON STIK 5G, донирани во ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија СКОПЈЕ
- Набавка на 90 парчиња на ракавици за пасивна рехабилитација
- Набавка на апарат за длабинска транскранијална магентна стимулација, донација за ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Кочани

***Промоција на солидарност и општествена одговорност во рамки на банкарскиот сектор и пошироката заедница***

Во извештајниот период се реализирани донации од правни лица - банки, финансиски институции и компании, врз основа на договори за донација и извршени уплати. Вкупните износи се јавно објавени во финасискиот извештај.

***Редовни активности***

- Редовно одржување седници на Одборот на Фондацијата.
- Одржување состаноци на заменик-членовите на Одборот.
- Континуирано информирање на јавноста преку веб-страница и медиуми.

## 3. Финансиски извештај за период од 01.04.2025 до 31.12.2025 година

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

во МКД

| | | Реализирано<br>31.12.2025 година |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | | **72.471.973** |
| 1 | Приходи од донации и други извори | 72.471.973 |
| **ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | | **56.304.312** |
| 1 | Канцелариски материјали | 5.135 |
| 2 | Банкарски услуги | 21.994 |
| 3 | Негативни курсни разлики | 12.407 |
| 4 | Сметководствени и нотарски услуги | 52.500 |
| 5 | Донации на правни субјекти | 14.071.478 |
| 6 | Донации на физички лица | 4.140.798 |
| 7 | Капитални средства | 38.000.000 |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | | **72.471.973** |
| **ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | | **56.304.312** |
| **Состојба трансакциска сметка** | | **16.167.661** |

БИЛАНС НА СОСТОЈБА

| | | |
|---|---|---|
| **АКТИВА** | | |
| 1 | Денарска сметка | 6.337.121 |
| 2 | Девизна сметка | 9.831.900 |
| 3 | Побарувања за дадени аванси | 11.958.238 |
| 4 | Активни временски разграничувања | 484 |
| **ВКУПНА АКТИВА** | | **28.127.743** |
| **ПАСИВА** | | |
| 1 | Краткорочни обврски | 484 |
| 2 | Пасивни временски разграничувања | 11.959.598 |
| 3 | Дел од вишок на приходи пренесен во наредна година | 16.167.661 |
| **ВКУПНА ПАСИВА** | | **28.127.743** |

## 4. Заклучок

Фондација за пружање долгорочна помош и поддршка ЗАЕДНО ЗА ЕДНО – Скопје во првата година на своето делување, заклучно со 31.12.2025 година, реализираше повеќе активности согласно Програмата за дејствување.

Реализацијата на активностите се одвиваше според барања од страна на засегнатите страни и институции, а во согласност со определбите на Фондацијата.

Во реализацијата на активностите се водеше сметка за максималниот бенефит на потенцијалните корисници на средствата, со особен акцент на заштеди на сите трошоци кои не се во директна врска со корисниците.

Добиените средства кои не се распределени се вложени во удели во паричен фонд, каде се настојува да се оствари нивно оплодување во периодите до нивна соодветна распределба кон крајните корисници.